

КАВ'ДАРЕЧКИ ВЕСНИК

ГОДИНА IV * БРОЈ 90 * 24 МАЈ 2013 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

FENI INDUSTRIES

Кралица на водите КОЖУВЧАНКА®

Sinalco schmeckt

**Кавадарчани добија нов Музеј преку проектот за погранична соработка со Грција**

## „КУЌА НА ВКУСОТ И МИРИСОТ“ ГИ БРИШЕ ГРАНИЦИТЕ СПОЈУВАЈЌИ ГО НАРОДОТ ПРЕКУ ТРАДИЦИОНАЛНАТА ХРАНА И ВИНОТО

Одбележувајќи го Денот на Европа, Кавадарци доби нов музеј со име „Музеј на вкусот и мирисот“, единствен од таков вид во земјава и регионот. „Куќата на вкусот и мирисот“ свечено ја отворија министерот за Локална самоуправа Тахир Хан, градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов, амбасадорката на Франција Лоренс Оер, на Германија Гудрун Штајнакер, како и заменик-градоначалникот на Воден.



Градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов истакна дека границите треба да останат симболика, а луѓето да ги обединува гастрономијата и виното. За традицијата досега само се раскажуваше. Од денес таа може и да се погледне и доживее. Овој трет проект со општината Воден ја потврдува блиската на двете општини кои десет години наназад исклучително добро соработуваат. Тоа е потврда дека народите од двете страни на Кајмакчалан и Кожуф се разбираат меѓу себе и делат исти културни и традиционални вредности.

„Ова треба да служи како пример и за останатите локални самоуправи. Мило ми е што на сите свои граници, Република Македонија успешно реализира соработка која ги надополнува нашите напори да изградиме мостови на соработка и пред се долгорочни контакти и пријателства кои гарантират сегашност и иднина со придобивки за жителите од двете страни на границата“, рече Хани.

Амбасадорките на Франција и Германија заклучија дека ваквиот пример за прекугранична соработка меѓу две соседни држави треба да се негува и овој музеј да го посетат што повеќе туристи. Овие зборови тие први ги запишаа во Книгата на впечатоци на влезот во новиот музеј.

Во музејот низ 500 поставки посетителите можат да се запознаат со минатото на градот и регионот, подготовката на храна, вино и ракија. „Куќата на вкусот и мирисот“ е инвестиција од прекуграничната соработка меѓу Македонија и Грција во рамките на ИПА-програмата на ЕУ. Партнер на општина Кавадарци во овој проект е грчката општина Воден или сегашна Едеса. Целиот проект е вреден 250.000 евра, а е финансиран од Европската унија и тоа 85 % со средства од ИПА програмата, 5% од Буџетот на општина Кавадарци и 10% од Министерството за локална самоуправа. Проектот има цел да ја зајакне туристичката инфраструктура и преку заедничката гастрономија да ја промовира туристичката понуда на пограничниот регион.

Традиционалната храна во Тиквешијата е мошне интересен сегмент од повеќе причини. Оваа тема е малку истражувана во делот на етнолошките истражувања не само во Тиквешијата туку и во Македонија во целост. Во овој музеј се поставени стари садови за преработка и подготовка на храна, алати и орудија за преработка на храната, како и начинот за производство на традиционалната тиквешка храна која во најголем дел е резултат на плодовите од растенијата од Тиквешијата пченица, јачмен, а пред се грозјето.



Музејот е поделен во неколку делови во кои е претставена постапката за подготовка на храната во Тиквешијата, од неолитот, преку античкиот и византискиот период, се до времето на османлиското владеење, кога и подготовката на лебот и погачите имале посебно значење. Има предмети од неолитот пронајдени во археолошкиот локалитет кај селото Ресава. Тоа се камени секири. Од античкиот период има глинени садови, од средниот век садови за подготовка на храна. Посебен белег на музејот дава подрумскиот дел каде што се сместени експонати од првата винарница на семејството Велкови од 1875 година.

## МАКЕДОНИЈА ГО ОДБЕЛЕЖУВА ПРАЗНИКОТ НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Денес граѓаните на Република Македонија го слават 24 Мај - Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј. Овој ден од пред неколку години е неработен за граѓаните на Македонија. Пред 11 векови во втората половина на 9 век, браќата Кирил и Методиј од Солун, по желба на византискиот цар Михајло, а на молба од моравскиот кнез Ростислав, добиле задача како монаси - мисионери да одат во Моравија (средновековна држава на територијата на денешна Чешка) и таму да го проповедаат христијанското учење меѓу небожните Словени.

Светите браќа за оваа дејност сериозно се подготвувале. Ја составиле словенската азбука (глаголицата) и од грчки ги превеле потребните црковни книги. На тој начин го создале новиот словенски книжевен јазик и станале основоположници на словенската книжевност. По смртта на св. Кирил и св. Методиј, нивните ученици биле протерани од Моравија.

Некои од нив, меѓу кои св. Климент и св. Наум доаѓаат на територијата на денешна Македонија, во Охрид кој станува жариште на словенската писменост. Во Плаошник продолжува мисионерската активност на Климентовите ученици. Меѓу другото, св. Климент токму овде го изготвил новото словенско писмо - кирилицата, која бргу потоа се шири низ Балканот се до далечна Русија.



Климент писмото го нарекол кирилица во чест на својот учител Кирил. Св. Климент минал 30 години меѓу македонските Словени. Два века пред формирањето на Болоњскиот универзитет, во Охрид во црквата „Св. Пантелејмон“, изградена во 893 год. бил формиран првиот Словенски универзитет, од кој произлегле 3500 ученици. Тие ја ширеле словенската писменост, култура, црковно пеење и уметност во повеќе словенски земји.

Долго по смртта на св. Климент во 916 година и на св. Наум во 910 година, Охридската книжевна школа била расадник на најзначајните ракописи на славистиката и историјата на уметноста. За оваа школа можат да се поврзат најзначајните словенски ракописи создадени се до XII век, кога глаголицата била заменета со кирилица.

Папата Павле II на 31.12.1980 година светите Кирил и Методиј ги прогласува за заштитници на цела Европа.




■ **Како дел од одбележувањето на Денот на Европа, градоначалникот Панов беше домаќин на „ЕУ автобусот“**

## АВТОБУСОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ПОСЕТА НА ЛЕГЕНДАРНОТО СЕЛО ВАТАША

ЕУ автобусот пристигна во ООУ „Димката Ангелов-Габерот“ во Ваташа каде беше поставен и штанд со промотивни материјали кои говорат за Европската унија. Во училишниот двор евроавтобусот го пречекаа учениците, жителите од Ваташа и градоначалникот Александар Панов. Мартин Клике, раководител на Одделот за оперативни работи во канцеларијата на ЕУ во Македонија



беше во автобусот кој ја претстави Унијата пред ваташани.

„Оваа активност е дел од 9 Мај - Денот на Европа. Го користиме периодот за прославување и одбележување на Европската унија. Сакаме директно да дојдеме во неколку села. Тука сме да разговараме со учениците, наставниците, но и со жителите од ова село. ЕУ се креираше пред многу години. Тоа е еден мировен проект, проект за соработка. Се надеваме дека еден ден Македонија ќе стане членка на ЕУ, бидејќи Македонија е во Европа, но се уште не е во Унијата. Земјите-членки се помагаат една со друга. Буџетот на Унијата се користи за помагање на понеразвиените земји“, рече Клауке нагласувајќи дека ЕУ има цел да стане поголема сила во светот. Градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов, искажа благодарност за поддршката што ја добива Општината при финансирањето на голем број проекти кои веќе се реализираа. Изрази надеж дека со надминувањето на проблемот со името Македонија ќе го добие одамна заслуженото место во семејството на европските народи.

На почетокот од престојот домаќинот Панов и гостинот Клике одржаа час со учениците од училиштето на тема ЕУ одблизу. Објаснувајќи го историјатот и суштината на создавањето на Унијата гостинот на учениците им поставувше прашања поврзани со Унијата и нејзината поставеност, а за секој точен одговор децата добиваа фудбалска топка.

Во дворот на училиштето на три локации се одвиваа различни настани. Група ученици твореа ликовни дела на табла со креда на тема „Европска унија“, а на друг дел се натпреваруваа во редење сложувалка. Учениците од Ваташа успеаја да го срушат досегашниот рекорд и да ја состават картата на Европа за 2 минути и 11 секунди што е побргу за 2 минути од досегашниот рекорд. За најдобрите гостите доделија подароци како маици, фудбалски топки и бејзбол капи.

На специјалниот штанд каде се делеа летоци, брошури и материјали за Унијата ваташани поставуваа и прашања: Кога Македонија ќе стане членка на Европската унија, како се одвива процесот на приближување кон унијата и финансиската помош што ја нуди ЕУ. Ова беа главно прашањата за кои се интересираа жителите на селото Ваташа при денешната посета на претставници на делегацијата на Европската унија во Македонија во рамки на информативната кампања „ЕУ одблизу“ која ги запозна жителите на Ваташа со идејата за формирањето на Европската унија.

## ПРЕД ГРАЃАНИТЕ НА ВОДЕН ПРЕТСТАВЕН ПРОЕКТОТ „ГАСТРОНОМСКИТЕ ПАТИШТА НА КАЈМАКЧАЛАН -КАЈМАК“

Топол и срдечен пречек им приреди градоначалникот на Воден Димитрис Јану на делегацијата и бројните гости од Кавадарци во рамките на третата сесија од проектот за меѓугранична соработка „Гастрономски патишта Кајмакчелан - Кајмак“ финансиран од ИПА-програмата на Европската унија. Многу разговори, дружења, дегустации на вкусна храна и размена на искуства меѓу експертите од областа на гастрономијата од двете земји не уверија дека промоцијата на трдиционалната храна и гастрономските патишта е вистинската формула за бришење на границите. Во претпладневната работилница гостите од македонска страна можеа да ја проследат демонстрацијата на подготвување на традиционален грчки појадок кој задолжително треба да содржи четири елементи и тоа, вода, јогурт, мед и свежо овошје, како на пример цреши
те за овој период од годината. Десертот кој можеше да се дегустира се состоеше од цреши, мед, свеж полен и колачиња од шери црешите.

Што е гастрономски туризам? - беше едно од прашањата на кое се обидоа да одговорат македонските и грчките експерти на попладневниот семинар. Д-р Ангела Василевска, професор на Факултетот за туризам во Охрид



смета дека луѓето кои се инволвирани во гастрономскиот туризам треба да се добро образовани и обучени бидејќи храната го отсликува народот и неговиот идентитет. Потребен е ентузијазам и инвестирање во туризмот, здрава и разновидна храна од свежи намирници, добро сервирано и со интересна приказна за традицијата во подготвувањето. Д-р Георгиу Бошку смета дека гастрономијата е уметност и дека е многу важно вкусовите од храната која ќе ја консумираат туристите да остане во нивните сеќавања и кога ќе се вратат дома. Магијата на добрите вкусови може многу да ги збогати впечатоците на гостите за да можат и кога ќе ги затворат очите да го почувствуваат задоволството од сеќавањата за добрата храна. Сеќавањата се многу добро доживување, вели Бошку наведувајќи го примерот на неговите сеќавања на појадокот од баба му, вкусот на мармаладот, сирењето и топлиот леб.

Централниот дел од третата сесија на проектот „Кајмак“ се одржа на отворено пред гостите од Кавадарци и граѓаните на Воден во паркот близу познатиот Воденски водопад. Свое обраќање имаа градоначалникот на Воден г. Јану и секретарот на општина Кавадарци г. Делов.

Делегацијата од Кавадарци имаше можност да дегустира богата лепеза на традиционални јадења и слатки подготвени од вештите жени на Воден и познати готвачи. Целата манифестација беше збогатена со штандови со здрава и традиционална храна, а на два од нив кавадарчани понудија органски мед и пчелни производи, маџун, органско вино и домашно произведени слатка, пинџури и сок од грозје од фирми и поединци членови на Организацијата „Слоу фуд“ од Кавадарци. Македонско-грчката средба заврши со заедничко оро кое сите подеднакво знаеја да го играат.

**Мирјана Мукаетова**

## ПОТТИК ЗА ГРАЃАНСКАТА ИНИЦИЈАТИВА ВО ЗАЕДНИЦАТА - СРЕДБА НА НВО ВО КАВАДАРЦИ

Претставници на десеттина граѓански здруженија и неформални групи познати во градот по своите активности со кои се јакне демократскиот капацитет на локалната заедница присуствуваа на промоцијата на проектот на УСАИД и ФООМ за конкурси за доделување на грантови.

Пред нив беа презентирани три вида грантови: за поддршка на граѓански организации кои дејствуваат како демократски јадра во своите заедници, за граѓански организации во надгледување на властите и застапување засновано на истражувања и ад хок грантови за акции на граѓански организации или




неформални групи.

Овој проект започна лани и ќе трае до август 2014 година, го поддржува граѓанското општество и демократски реформи. Треба да ја поттикнат граѓанската иницијатива, да понуди нешто ново, тоа да бидат иновативни проекти, да понудат нешто ново и да ги мотивираат, поттикнат граѓаните во локалната заедница.

Партнери во овој проект на УСАИД и ФООМ се Младински образовен форум, Форум - центар за стратегиски истражувања и документација, Центар за граѓански комуникации и Реактор-истражување во акција.




## ИСКЛУЧИТЕЛНО ВИСОК КВАЛИТЕТ ПОКАЖАА УЧЕСНИЦИТЕ НА 25 ЈУБИЛЕЕН ФЕСТИВАЛ НА ДЕТСКИ И МЛАДИНСКИ ХОРОВИ

Републичкиот јубилеен 25 Фестивал на детски и младински хорови кој се одржа на 11 и 12 мај во Кавадарци беше најмасовната манифестација од културата во нашата држава. Со вкупно 1700 хористи од основните и средните училишта од Македонија Републичкиот натпревар на хорската песна два дена во Кавадарци беше мост на сплотување на младите од сите националности, а вистински синоним за тоа беше хорот од Основното училиште „Братство и единство“ од Охрид со диригентот Бурим Хидри во кој членуваат деца од македонска, албанска и турска националност, Бошњаци и Роми.

Покровител на фестивалот е градоначалникот Александар Панов и Советот на општината, специјални покровители се Министерствата за образование и култура на Република Македонија, а организатор е Здружението на хорско пеење од Кавадарци. На првиот ден од натпрварот во категоријата на детски хорови настапија 27 хорови избрани од вкупно 400 училишта кои го минаа тестот на општинските и регионалните натпревари од Македонија. Тие се натпреваруваа во две категории, а жири-комисијата одлучи високото прво место со освоени 100 бода да му го додели на хорот од ОУ „Блаже Конески“ од Велес и диригентот Зоран Тодоров. Првото место го делат уште три хора со 99 освоени бода и тоа хорот од ОУ „Гоце Делчев“ - Битола со диригентот Марија Арсиќ, хорот од ОУ „Наум Наумовски-Борче“ од Скопје и диригентот Весна Трајковска и хорот на ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ од Скопје со диригентот Весна Симјановска. Симјановска е прогласена за најдобар диригент и



најдобар сопствен аранжман на композиција. За најдобар аранжман беше награден и диригент Николче Тренчев од ОУ „Гоце Делчев“ од Свети Николе.

На вториот ден од натпреварот настапија 14 младински женски и мешани хорови во претселекција избрани од 120 средни училишта. Во категоријата на мешани хорови најмногу бодови освои хорот на ОСУ „Св. Климент Охридски“ од Охрид и диригентот Александар Димоски. Во оваа категорија со прва награда се закити и хорот на ОСУ „Дрита“ од Кичево со диригентот Даут Јонузи со 93 бода и хорот од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија и диригентот Илија Атанасов. Во оваа конкуренција втората награда со 88 бодови ја освои хорот при Гимназијата „Добри Даскалов“ од Кавадарци со диригентот Златко Симоновски. Во категоријата на младински женски хорови првото место му припадна на хорот при Гимназијата „Орце Николов“ од Скопје и диригентот Сузана Т. Кузмановска со освоени 97 бода.

Жири-комисијата чиј претседател беше Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието, потоа Панче Јосифов и Мустафа Имери професори во ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, Тихомир Јовиќ од Факултетот за музичка уметност од Скопје и Горан Стојанов, советник во Бирото за развој на образованието во Кавадарци смета дека годинава хоровите покажале високо подобрување на квалитетот на изведбата на композициите што значи дека е зголемен и критериумот за вреднување на хорското пеење. Со овој натпревар оставерена е целта да се покаже музичкиот квалитет на учениците, да се согледа реализацијата на наставната програма и што е најважно учениците да се социјализираат во една тимска работа. Она што заслужува внимание велат од жири комисијата е тоа што годинава имавме ревијално учество на три хора, што значи се зголеми интересот на учениците за хорската песна. Така наредната година хорот од приватното училиште „Wilson school“ од Тетово кој годинава настапи ревијално и беше вреднуван со многу висок квалитет ќе се натпреварува со останатите хорови од средните училишта во државата. 25 издание на Републичкиот натпревар на детски и младински хорови се одржа во најдобра атмосфера, а градот домаќин Кавадарци каде оваа манифестација има традиција од 1964 година покажа дека хорското пеење зазема значајно место во културниот живот на овој град.

**Мирјана Мукаетова**

## ЗА ДИЛЕМИТЕ НА ГОСПОДИНОТ РАДЕ ГОГОВ ОКОЛУ КАРАКТЕРОТ НА ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ ОД 1913 ГОДИНА

Внимателно ја прочитав новата монографија на г. Раде Гогов под наслов „Рамниште, ниво моја неизорана“, посвететена на с. Рибарци. Лично сметам дека монографија за едно населено место треба да биде синтеза на археолошки, геолошки, климатски, хидролошки, историски, етнолошки, стопански, образовни, културни и револуционерни особини кои го прават посебно или различно во однос на другите населени места. Имајќи ги во предвид сите овие особености, можам да кажам дека материјалот што треба да претставува монографија за с. Рибарци има многу фалинки и недостатоци. Во неа постојат многу големи празнини и отсуство на историска хронологија. Цел еден период почнувајќи од првите сознанија за селото, кое во историографијата се споменува уште во 14 век, па се до крајот на 19 век, временски период од 6 века е собран во десеттина страници и тоа општи податоци, главно преземени од третиот том на Историјата на македонскиот народ. Не видов рецензент, уредувачки или редакциски одбор, од стручни или компетентни лица кои би дале соодветна верификација на материјалот. Забелешки има многу, но во случајот ќе се задржам на т.н. „дилеми“ на авторот за Тиквешкото востание во 1913 година. Кога веќе и пишувал за тоа можел да консултира стручна литература од понов период, а не онаа од 1980 година, кога за „ тоа востание“ не можело ни да се помисли, а камоли да се пишува. Исто така постојат спомени на учесници во Тиквешкото востание депонирани во нашите архиви, како спомените на Пане Поп Коцев, Тодор Камчев, Никола Киров Мајски, Јордан Анастасов и др.

Тој пишува дека по „пропаѓањето“ на востанието неколкумина негови раководители побегнале во Бугарија, а другите останале во нивните домови. Кога Бугарите ја окупирале Македонија во 1941 година неколкумина од нив, се мисли на раководителите на востанието (Мишо Шкартов и Васил Сеизов), се вратиле и соработувале со окупаторот. Во интерес на вистината да му појаснам на г. Гогов дека Мишо Шкартов починал во 1936 година, и да сакал не можел да соработува со окупаторот бидејќи не бил жив, а Васил Сеизов не бил раководител, бидејќи во времето на востанието во 1913 година имал само 11 години.

Понатаму авторот на монографијата со своите „дилеми“ оди до таму што сите од раководството на востанието (Мишо Шкартов, Лазо Бањански, Ристо Михов, Тасе Мурџев, Коцо Сеизов, Тодор Камчев, Пано Измирлиев, Мело Јанев, Глигор Линин, Ефтим Манев, Дончо Лазаров, Диме Пинџуров, Васил Саздов, Тасе Бошков, Трајко Туршијата, Гошо Галев, Јованче Шошев, Милан Анастасов и Милан Ацев), не само што не ја помагале борбата против окупаторот 1941-1945 година туку активно го помагале окупаторот, како нивни агенти или учесници во контрачетите. Господинот Гогов ептен ги испомешал лончињата. Ниту еден член на Штабот на Тиквешкото востание не соработувал со окупаторот, ниту пак бил член на некоја контрачета. Членовите на Штабот на Тиквешкото востание во 1913 година во времето на НОВ и револуцијата 1941-1945 година, ако не загинале или биле убиени за време на востанието (Тасе Бошков, Глигор Линин, Диме Пинџуров, две години подоцна), имале во просек од 60 до 70 години, а некој и повеќе, а јас не знам некој борец во редовите на НО војска да имал толку години и да се борел во редовите на партизаните. Најстариот или највозрасниот борец во одредот „Добри Даскалов“, Блажо Тодоровски - Чичето имал 41 година. Со само три наведени книги во делот на Извори и литература не може да се направи сериозна монографија, дотолку повеќе што ни тие директно или индиректно не се однесуваат за с. Рибарци.

Денес позитивни одредници за Тиквешкото востание во 1913 година можат да се видат во Македонскиот историски речник, во издание на ИНИ, Скопје, 2000 г., во новата Енциклопедија на Македонија, во четвртиот том на Историјата на македонскиот народ и уште многу други.

На барање од општина Кавадарци-Локална самоуправа во 2012 г. до највисоката научна институција од областа на историјата ИНИ од Скопје да даде научно толкување за Тиквешкото востание во 1913 година, стручен тим составен од научни работници, специјалисти за предметниот период дадоа позитивна оценка за Тиквешкото востание како чист македонски настан, на кој ние како Македонци или Тиквешани треба да бидеме горди.

Најмалку што може да направи г. Гогов е да се извини за наврedите што ги напишал за раководителите на Тиквешкото востание, од кои да потсетам најголемиот дел биле борци против османлиската доминација и се бореле за ослободување на Македонија во четите на војводите Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Петар Југуков, Васил Пачаџиев, Лазар Мишев. Еден добар дел од нив поради револуционерна активност во тој период биле затворани на временски казни од 1 до 101 година затвор. И сосема за крај, г. Гогов каде ви е барам почитта кон 545 жртви на Тиквешкото востание, кое претставува најголемиот злочин извршен во поновата историја врз народот од овој крај.

**Петре Камчевски**

## СИНДИКАТ ОД ДАНСКА ВО КАВАДАРЦИ

Во Кавадарци се одржа еднодневен семинар на кој синдикалните активисти од Синдикалната организација на „Фени Индустри“ се обучуваа за поуспешно синдикално настапување. Синдикатот на индустрија, енергетика и рударство на Македонија на семинарот разменуваше искуства околку содржината, обликот и важењето на колективниот договор со своите колеги, синдикалци од Данска. „Разговараме за содржината, обликот и важење на колективниот договор. Работиме на проект за синдикално образование. Годинава ќе се обучуваат поголеми синдикални организации, а догодина синдикалното образование ќе прерасне во постојана активност“, рече Марија Анчева, генерален секретар на СЕИР.



Секретарот на најголемиот синдикат во Данска, Аге Страндгард, посочи дека е неопходна размената на искуства околу проблемите и практиката на работа, како и синдикална едукација. Нагласи дека кога преговара синдикатот во Данска, државата нема никакво влијание. Постоел Национален колективен договор кој работодавачите морале да го почитуваат.




■ **Заврши првата етапа од проектот ново кружно вртење, останува само хортикултурното уредување**

# АСФАЛТИРАН НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК - АПЕЛ ДО КАМИОНЏИИТЕ ДА ГО ОДБЕГНУВААТ ЗА ДА ТРАЕ ПОДОЛГО

Изминатиот викенд градежната оператива на „Изолација“ Скопје како подизведувач на дел од работите на новиот кружен тек во Кавадарци чија реализација е доверена на градежната фирма „Градба промет“ од Кавадарци го асфалтира новото кружно движење во новиот центар на градот на крстосницата „Моша Пијаде“ и „Западен Булевар“ каде е најфреквентниот влез во Кавадарци од Скопје преку Росоман и од правецот на Неготино. Се работи за поставување на повеќе од 2.400 $м^2$ два асфалтни слоја и над 1.000 $м^2$ тротоарни површини од бехатон коцки во функцијата на новиот кружен тек.

Градоначалникот Александар Панов вели дека ова е една од капиталните вложувања на општина Кавадарци со оглед на решавањето на важно прашање за безбедноста во сообраќајот, соодветната регулација и намалување на тесното грло на овој дел од градот. И не само тоа, 10-те милиони денари издвоени од



Буџетот на Опшината доволно говорат за големината на инвестицијата која опфаќа, комплетно изградена подземна инфраструкрура на овој дел од градот, атмосферска канализација за зафаќање на водите, осветлување, хортикултурно уредување.

Градоначалникот Панов ги потсети уште еднаш на џентлменскиот договор кој веќе е остварен со него и камионџиите кои „возат“ руда за компанијата „Фени Индустри“ за користење на магистралниот пат граница, Градско-Росоман-Фени Индустри, наместо регионалниот Неготино-Кавадарци и апелираше до превозниците да го почитуваат тој договор во интерес на добрата соработка. Превозниците краток период се придржуваа на договорот, но сега од само ним познати причини повторнио транзитираат преку Марена, Глишиќ и Кавадарци, при што причинуваат огромни штети на патната и подземната инфраструктура по регионалните улици. Затоа Панов апелира до камионџиите да не го користат овој пат и новиот кружен тек на „Моша Пијаде“ со цел да не ја оштетат делницата со оглед на тежината која ја имаат нивните возила.

## ПО ПОВЕЌЕГОДИШНА ПАУЗА ПОВТОРНО ЌЕ ИМА ЛЕТУВАЛЦИ ВО МИХАЈЛОВО

Веднаш откако го купија, новите сопственици интензивно започнаа со реновирање на познатото детско одморалиште „Михајлово“ сместено на 40 километри од Кавадарци во пазувите на Кожуф Планина. Градежните активности се веќе во завршна фаза, со цел да се наполни со летувалци во летната сезона.



Раководителот Љупче Глигоров информира дека ова лето вратите на „Михајлово“ ќе бидат ширум отворени за децата и повторно детскиот џагор ќе биде присутен во ова одморалиште кое со години беше оставено на забот на времето. „Одморалиштето „Михајлово“ согласно својата програма за работа оваа година ќе организира летување во 9 смени. Во понудата која веќе е достапна за јавноста може да се видат условите кои ние ги нудиме. Накратко за сите оние кои се уште не ја добиле, се работи за понуда која вклучува 8 полни пансиони со три оброка и ужина во реновиран и со ХАСАП стандардизиран ресторан, престој во целосно реновирани соби со комплетно нов ентериер, 24-часовна здравствена заштита од доктори специјалисти како и присуство на дежурно амбулантно возило, безжична интернет конекција, излети по планининските патеки, како и организирање на културно-забавни, спортски и едукативни активности. При креирањето на понудата внимавме и на финансискиот момент, па истата ќе чини само 5500 денари, кои може да се платат на шестмесечни рати, со што сакаме да им овозможиме на сите родители да им обезбедат убав летен одмор на своите деца“ - рече Глигоров.

Тој нагласи дека веќе е дефиниран и распоредот на смените за ученици кои започуваат на 15 јуни и ќе траат до 26 август. Одморалиштето сега нуди и новина во делот на сместувачки капацитет. Ќе биде приспособено за хотелско сместување, односно ќе бидат понудени хотелски услови за сите оние кои сакаат во текот на годината да уживаат во убавините на Кожуф Планина, а ресторанот ќе биде отворен секој ден за сите гости и туристи.

## ПРОБЛЕМ СО КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ

Кучињата скитници повторно во глутници се присутни во центарот на Кавадарци, а тоа ги плаши граѓаните. Тие стравуваат за својата безбедност и бараат надлежните органи соодветно да реагираат и да ги отстранат животните скитници кои претставуваат опасност за секого.



Градоначалникот Александар Панов свесен за состојбата вели: „Проблемот со кучињата скитници не е присутен само во Кавадарци. Тој е присутен во целата земја. Поради тоа според проценките на стручните лица и екологистите поевтино е да се решава регионално, отколку секоја општина сама да се справува со проблемот. Веќе е дискутирано за ова на ниво на регион и е изготвена проектна документација. Во тек е реализација на проект чија цел е собирање на кучињата-скитници на едно место, а третманот кон нив ќе биде стручен“. Градоначалникот објаснува и нагласува дека е нехумано животните скитници да се убиваат. Порачуваат дека за животните скитници ќе се изгради прифатен центар кој ќе ги опслужува општините од Вардарскиот регион. Во тој центар бездомните животни ќе добиваат хуман третман. Ќе се изгради прифатен центар кој ќе ги опслужува општините од Вардарскиот регион каде ќе добиваат хуман третман

Екологистите од „Еко живот“ нагласуваат дека се подготвени да дадат придонес во изнаоѓање на квалитетно решение.

## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

Противпожарната единица од Кавадарци го одбележа празникот на пожарникарите. На скромноto одбележување присуствуваше претседателката на Советот на општината Горица Пеливанова-Вилхелм, која од името на Општината го честиташе празникот и посака пожарникарите во идниот период воопшто да немаат интервенции.

Ново возило за интервенции во тесни улици и шумски предели и вработување на нови пожарникари - ова се очекувањата на командирот на Територијалната противпожарна станица од Кавадарци за годинава, со што би можеле поуспешно да се борат со пожарите. Богевски се надева дека до крајот на годината ќе добијат нов објект. Упати честики до сите пожарникари и им посака да имаат што помалку интервенции.

Споредено со 2011 година кога интервенирале во 190 пожари, во 2012 бројот на пожари опаѓа и во нивната статистика биле евидентирани 175 пожари. Годинава бележат 52 интервенции, од кои 45 при пожар на отворен простор, 5 технички интервенции при потешки сообраќајни несреќи и 2 на отворен простор. „Засега работиме со 14 пожарникари. Потребен ни е уште кадар. Веќе е изработен Деталниот урбанистички план за новиот објект во спортската сала „Јасмин“‘ и очекуваме дека до крајот на годината ќе бидеме во нови простории“, рече командирот на Противпожарната единица Кавадарци.

Со оглед на тоа дека веќе започнаа горештините и постои поголем ризик од пожар Богевски апелира до граѓаните ако забележат пожар да ја отстранат опасноста од ширење на пламените јазици, а веднаш да повикаат пожарникари на телефонскиот број 193.

## КИК-БОКС СЕМИНАР ВО КАВАДАРЦИ

Под покровителство на градоначалникот и Советот на општина Кавадарци, а во организација на Кик-бокс Федерацијата на Македонија и Кик-бокс клубот „Кавадарци“ како технички организтор од Кавадарци, се одржа судиски и тренерски семинар за дисциплините од кик-бокс спортот. Целта на овој семинар беше запознавање и примена на новите правила во кик-боксот. На семинарот присуствуваа претставници од 30 клубови од Македонија кои беа запознати со измените во WAKO светската федерација за кик-бокс.

Семинарот го отвори претседателката на КБФМ, Александра Неделковска, која меѓу другото во своето излагање истакна дека од овој семинар ќе се издвојат идните лиценцирани судии во КБФМ. Овој семинар беше поделен во два дела - тренерски и судиски. Ова е почеток на семинарите кои следат од кои во иднина ќе се издвојат новите судии во КБФМ, а со следните семинари и полагање ќе се здобијат и со судиски лиценци со кои ќе имаат и право за учество на меѓународно поле. Предавачи на семинарот беа интернационалните судии од КБФМ, Драган Атанасовски, Арбен Јонузи (дисциплини на ринг), Љупчо Стојчевски и Димче Кичевски (дисциплини на татами), кои преку своите предавања и презентации им ги презентираа измените во правилата на присутните.



КБФМ изрази јавна благодарност за организацијата на градоначалникот на Кавадарци Александар Панов и Кик-бокс клубот „Кавадарци“ со претседателот Јане Николовски .

■ **Слаб интерес кај земјоделците за осигурување на лозјата**

## СУМАТА ОД 40% НЕИСПЛАТЛИВА ВО КРАЈНАТА ЦЕНА

Бројката на лозари кои одлучиле да не си го заштитат родот по пат на подигање осигурителна полиса е загрижувачки, ако се знае дека државата за оваа намена субвенционира дури 60% од сумата на полисата. Лозарите незаинтересираноста ја правдаат со тоа што велат дека сумата од 40 отсто, колку што треба да уплатат за полиса е неисплатлива ако во крајната цена се вкалкулираат другите трошоци кои ги имаат за производство.



Но покрај тоа годинава најголема заинтересираност за осигурување на лозовите насади покажале земјоделците во Кавадарци, каде има 340 и во Неготино околу 230 осигурани земјоделски површини. Апликациите почнаа да се поднесуваат од минатиот месец и тој рок ќе трае најмалку до крајот на август годинава. Лани оваа субвенција ја искористиле само 1.200 земјоделци во земјава.

Од земјоделските здруженија во Тиквешијата велат дека осигурителните компании освен што немаат понуда за комплетно осигурување не е добра ниту постапката според која се утврдуваат штетите. „Компаниите кои работат со осигурување не се коректни кон земјоделците зашто кога доаѓа до штета висината ја утврдуваат проценители додека производители немаат никакво право за учество во неа“. Ставот на лозарите би можел да се сублимира во следниве факти: „Проблем е да се купи полиса за осигурување зашто таа не ги покрива сите штети. Еве на пример ако има град или не дај боже поплава тогаш осигурувањето признава штета, но не и ако лозјата и родот ги зафати пожар, мрзнење или пак суша. Тогаш не важат премиите. Значи знаеме дека ако не го осигурам родот ризикувам, но како да се решиме на тоа кога не знаеме што не чека. Кога би имале целосно осигурување за секоја несакана појава, нешто како гаранција да, но, вака не можеме да се одлучиме“.

Воведувањето на субвенции за оваа област датира од пред 4 години кога државата започна да ја покрива штетата со 60 % од премијата кај лозови насади до 5 хектари, градинарски до 2 хектари, кај тутунот до еден хектар и житните култури до 10 хектари. Во Македонија четири осигурителни компании нудат земјоделски полиси, а од вкупно регистрираните 100.000 земјоделци, посевите ги осигурале само 1.500 земјоделци

**Биљана Наумова-Тренковски**

## ОД 1 ЈУНИ ТВ КТВ СТАНУВА РЕГИОНАЛНА ТЕЛЕВИЗИЈА

Министерството за информатичко општество и администрација, преку министерот Иво Ивановски најави дека е извршена промена на регионот Д1 за претстојната регионализација и дигитализација на медиумите. „Со ваквата измена на регионот Д1 телевизиите ќе заштедат многу средства, а се исполнува и нивното барање да не го покриваат градот Скопје и скопските општини и обратно, скопски телевизии да не покриваат во Повардарскиот регион, со што би се создала нелојална конкуренција со надоместот којшто ќе го плаќаат новите регионални телевизии“, изјави Ивановски.

Задоволни од ваквите најави на министерот беа претставникот на Групацијата на национални радиодифузери (Канал 5, Сител, Алсат-М, Телма), Иван Мирчевски и сопственикот на телевизија КТВ Кавадарци. „Задоволни сме од ова што го слушнавме. Не беше во ред локалните телевизии да влезат во Скопје за 20.000 евра“, рече Мирчевски. Сопственикот на КТВ, Марјан Тодоров констатираше: „Предлогот за поделба на регионот го прифаќаме и сме задоволни“.

КТВ од 1 јуни прераснува во регионална телевизија и преку операторот за спроведување на дигитализацијата ОНЕ, ќе го покрива целиот Повардарски регион (Кавадарци, Неготино, Велес, Чашка, Демир Капија, Градско, Росоман, Свети Николе). Министерот Ивановски беше дециден дека нема да се пролонгира рокот за



дигитализација бидејќи тој е одреден со закон и доколку евентуално не се постигне договор и дигитализацијата не почне навреме сите телевизии можат да емитуваат програма преку кабелските оператори.

Ивановски информираше дека Министерството ќе достави измени на Законот за радиодифузна дејност до Собранието со којшто се предвидува пет регионални телевизии да зрачат до Градот Скопје и скопските општини. Станува збор за две телевизии од Кавадарци, две од Велес и една од Свети Николе.

Останаа 7 дена до почетокот на дигитализација до 1 јуни. Министерството апелира уште еднаш до граѓаните да го купат сет-ап уредот за дигитализација, бидејќи на 1 јуни 2013 аналогниот систем се исклучува и ќе се вклучи дигиталниот територијален сигнал.

**Ангел Данов**

## ЖКК „АКАДЕМИК“ ЧЕТВРТИ ВО МАКЕДОНИЈА

Со освојување на четвртото место на женскиот М-16 фајнл фор турнир кој во неделата и понеделникот се играше во Спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје кошаркарскиот клуб „Академик“ и официјално ја затвори повеќе од успешната сезона. „Остваривме ново поглавје во кавадаречката женска кошарка. Го направивме тоа што ниту еден женски младински тим до сега не успеал да го направи, стигнавме до завршницата во шампионат во кој моите девојки се натпреваруваа со една година повозрасни кошаркарки. Самиот пласман на фајнл форот беше остварување на амбициите за годинава, а со стекнато искуство ќе се обидиме догодина да одиме чекор понапред“ - ни изјави Дарко Цеков, предводник на еден од најуспешните кавадаречки спортски колективи во сезоната 2012/2013. „Тремата и емоциите беа наш најголем противник во првото полуфинале против Бадел 1862 кое го загубивме со 45:20. Затоа пак девојките беа на ниво на мечот против Јуниор и малку недостасуваше да го добиеме мечот, но неколкуте грешки во финишот не чинеа пораз од 58.52“ - рече во продолжение Цеков.



Дополнително признание за работата на женскиот кошаркарски клуб „Академик“ е и вклучувањето на Цветанка Димова во најдобрата петорка на фајнл фор турнирот, во кој се најдоа две кошаркари на победникот Кросиг и по една од тимовите на Бадел и Јуниор.

## КРЕАКТИВ СО НАЈДОБРА РАДИО-ЕМИСИЈА НА ТЕМА „ЕВРОПА ВО МОЕТО МААЛО“

Младински центар „Креактив“ како сервис за млади и поддршка на нивната креативност и активност е во процес на подобрување и развивање на својата работа со една цел центарот да биде попристапен и покорисен за младите од нашиот град.

„За да ја оствариме нашата цел што е во корист на младите низ овие три дена, среда, четврток и петок, низ основните и средните училишта ќе се изврши истражување по пат на анкетирање, односно делење анкетни прашалници, врз чија основа ние како младински центар ќе можеме да креираме програма и содржина што ќе ги задоволи потребите и очекувањата на младите“ - изјави за медиумите Марија Попова, координатор на Младинскиот центар „Креактив“ во Кавадарци.



Активностите на „Креактив“ не остануваат незабележани. По повод 9 Мај - Денот на Европа Младинскиот центар „Креактив“ освои I награда на републичко ниво за најдобра аматерска радио-емисија на тема „Европа во моето маало“. Конкурсот беше дел од проектот „Научи за Европа“ („Learn about Europe“), финансиран од Европската унија, а координиран од Центарот за меѓукултурен дијалог во партнерство со Младинското радио Multi Култи и Млади европски федералисти. Наградата за првонаградениот тим од „Креактив“ (дигитален апарат Sony Syber-Shot DSC – S 5000B + мемориска картичка 4 Gb) беше свечено доделена на 9 мај 2013 во Куманово.

## ПЕНЗИОНЕРИТЕ ПРВИ ВО РЕГИОНОТ НА СМОТРИТЕ ВО ВЕЛЕС

Велес беше домаќин на традиционалниот натпревар регионална Ревија на песни, музика и игри во организација на СЗПМ. На Ревијата учествуваа културно-уметничките друштва при Здруженијата на пензионерите од Повардарскиот регион од градовите: Кавадарци, Богданци, Неготино, Гевгелија, Дојран, Валандово и Велес, Свој настап имаа и Здруженијата на инвалидски пензионери од Велес и Кавадарци.



Манифестацијата ја поздрави претседателот на ЗП Велес Љубомир Ѓорѓиев, кој упатувајќи поздрави кон гостите и учесниците потенцираше дека музиката е една од најубавите работи во светот која го одржува животот, а притоа има магично дејство, да лекува, забавува и создава волшебно дејство на пријатни моменти. Секретарот на ИО на ЗП Велес Станка Трајкова ја имаше честа да ја отвори регионалната смотра на која пензионерите пајачи се натпреваруваа за учество на завршната ревијална републичка смотра.

И овојпат се покажа дека кога во прашање е песната воопшто не е важно колку години има човекот, туку како се чувствува. Громогласните аплаузи од публиката беа потврда дека сите групи учесници успеаја квалитетно да исполнат квалитетни изведби со впечатливи традиционални песни и игри типични за нивните градови. Пензионерите донесоа музика која ги воодушеви гледачите.

Без претерување и според мислењето на селекторот најуспешен настап имаа пензионерите од Кавадарци кои ги исполнија песните: „Дигни си Маре мори очите“, „Штом чукне полноќ“ и „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, освојувајќи го првото место и пласман на Републичката ревија која ќе се одржи во Универзалната сала во Скопје.

Со песната и на сцената пензионерите докажаа дека животот не престанува со мировината, напротив активно продолжува и во третото доба. Ова го потврдуваат пензионерите од Кавадарци кои имаа успешни настапи и на Градскиот плоштад во чест на 9 мај - Денот на Европа и на спомен-костурницата во Градскиот парк кога настапија во спомен на 70 години од формирањето на одредот „Добри Даскалов“.

**Лилјана Илиева**

## НОВ УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД МУЗИЧКОТО УЧИЛИШТЕ

На Државниот натпревар по камерна музика 2013 во организација на Здружението на директорите на музички и балетски училишта, повторно на врвот ученици од ОМБУ „Лазо Мицев- Рале“ од Кавадарци.



Натпреварот се одржа Скопје во дисциплината пијано дуо Б категорија. Најдобри беа ученичките од класата на наставничката Јелица Лазарова: Катерина Ѓорѓиова и Ева Досева кои ја освоија првата награда. Од натпреварот пак со третата награда се вратија Лазар Николов и Трајче Илов кои се натпреваруваа во дисциплината дуо, а се ученици од класата по кларинет на наставникот Лазар Соколов.

**Димитар Мурџев**

## КАВАДАРЕЧКИТЕ ГИМНАЗИЈАЛЦИ СО УСПЕХ НАСТАПИЈА НА „ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ“ ВО ТЕТОВО

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово беше домаќин на интересен средношколски настан под наслов „Образовно рандеву 2013“ во организација на МАССУМ (Младинска организација на средни стручни училишта на Македонија) со поддршка на УСАИД, Министерството за образование и наука и Бизнис партнери.Образовното рандеву е значаен средношколски настан во нашата држава, на кој голем број ученици се натпреваруваа во најразлични категории поврзани со нивниот кариерен развој: интервју за работа, јавен говор, маркетинг план, постер на училиште, виде реклама итн.

На оваа манифестација се проверуваат знаења, умеења, вештини, способности кои не секогаш се стекнуваат директно од наставната програма, туку низ интеракција и активност, а кои ќе им требаат во иднина при вработување.

Наши ученици редовно учествуваат на овој натпревар, кој традиционално се одржува секоја



година, а за првпат беше организиран 2006 година, во Скопје. На Образовното рандеву 2013, учествуваа околу 1000 ученици од 43 средни стручни училишта во Р. Македонија. СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ се пријави да се натпреварува во четири категории: јавен говор со ученичката Симона Станоева под менторство на проф. Љубица Станоевска, интервју за работа со Ристенка Касапинова под менторство на училишниот психолог Душанка Иванова, најдобар постер со учениците Наталија Јошева и Игор Димовски под менторство на проф. Лоска Давчева и најдобра видеореклама со тим на ученици: Павле Богев, Ѓорѓи Белевски, Александра Цветкова и Дајана Ѓелова, под менторство на проф. Благородна Лазова. На натпреварот најдобра видеореклама на тема „Екологија и одржлив развој“ изработи нашиот тим на ученици: Павле Богев, Ѓорѓи Белевски, Александра Цветкова и Дајана Ѓелова, под менторство на проф. Благородна Лазова го освои второто место. Забележителни беа настапите на нашите ученици во останатите категории, а стекнатото искуство ќе биде корисно за идните нивни учества на саеми, натпревари, конкурси и други манифестации од различен карактер.

**Гимназија „Добри Даскалов“**

## НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИТЕ КОИ ПОСТИГНАА УСПЕХ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ „ГОЛЕМИ ЕВРОПСКИ ЛИЧНОСТИ“

ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ од Кавадарци учествуваше во пролетната кампања на e-twinning (и-твининг) која се одржа низ цела Европа. Директорот на ООУ„Тоде Хаџи-Тефов“ ги награди учениците кои работеа на и-твининг на проектот „Големи европски личности“ со сертификат за учество во овој проект и го охрабри и понатаму да учествуваат во изработка на многу други проекти и да добиваат уште многу други сертификати за своите постигнувања .

Учениците го претставија проектот на кој работеа на интернет во текот на учебната година, од септември, а ќе заврши на крајот на мај, со наслов „Големи европски личности“. Во овој проект работат ученици од училишта од 27 европски држави, меѓу кои е и ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“. Секое училиште од сите 27 европски држави има направено презентација за своето училиште, за својот град и држава, 5 познати личности од својата држава, интернет игри за учење за секоја од познатите европски личности, видеопрашања за напишаните големи личности. Учениците соработуваа меѓу себе на интернет, учествуваа во скајп разговори со своите другарчиња од повеќе европски држави, учествуваа во разговори со наставниците и учениците од партнер училиштата во делот на проектот кој е наменет за комуникација меѓу учениците и наставниците.

ООУ„Тоде Хаџи-Тефов“ во својот дел од проектот изработи презентација за своето училиште, ги претстави Кавадарци и Македонија, ги претстави големите европски личности од Македонија: Тоше Проески, Есма Реџепова, Мајка Тереза, Свети Климент Охридски и Јустинијан Први, направи игри за учење на интернет за Мајка Тереза, им постави прашања на учениците од партнер училиштата за македонските големи личности.

Во подготовка е изработката на книга на интернет со наслов „Големи европски личности“, а по нејзината изработка, книгата ќе биде отпечатена во сите 27 европски држави на англиски јазик и на



мајчиниот јазик на секоја држава. Претставувањето на овој проект има цел да ги поттикне и другите наставници и ученици од ООУ„Тоде Хаџи-Тефов“ да учествуваат во изработка на други проекти заедно со ученици и наставници од сите држави во Европа. И-твинингот е дел од програмата Доживотно учење на Македонската национална агенција за Европско образование и мобилност и е поддржана од Министерството за образование на Република Македонија.

**ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“**




■ **Одбележан значаен јубилеј на Владимир Темков**

## 30 ГОДИНИ ПЛОДНО ТВОРЕШТВО НА ШЕФЕТО



Многу гости, пријатели, вљубеници во уметноста, познати и признати културни работници од сите профили, политичари, медиуми и останати чинители на јавниот живот беа дел од ретроспективната изложба на Владимир Темков со која се одбележаа 30 години од неговото творештво. За успешното и богато творештво на Темков зборуваа стотиците дела поставени во Националната галерија на Република Македонија - Мала Станица, но и почитуваните Мирко Стефановски, ликовниот критичар Ефтим Клетников, како и професор доктор Кирил Темков.

Паралелно со отворањето на изложбата беше промовирана и монографијата на Владимир Темков за која зборуваше токму професор Кирил Темков, кој меѓу другото рече: „Сликањето е првата љубов на Владо. Неговите дела од почетоците не се разликуваат премногу со она што тој го слика денес, но се многу поразработени, подобри, повредни.“

Монографијата која е проект финансиски поддржан од Министерството за култура, Локалната самоуправа Кавадарци и Домот на културата „Иван Мазов-Климе“, Темков ја посветува на своето семејство, сопругата Лидија, ќерката Мишела и синот Сашко, во знак на благодарност за несебичната и сестрана поддршка кон неговото творештво.

## 80 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ФК „ЗАНАТЛИСКИ“

На 26 мај 1933 година по иницијатива на една група вљубеници во фудбалската игра од редовите на занаетчиите, формиран е Фудбалскиот клуб „Занатлиски”. Неговото име доволно зборува дека тоа бил фудбалски клуб на кавадаречките занаетчии, кои покрај тоа што како фудбалери настапувале за оваа екипа, во исто време и материјално го помагале клубот.



Во составот на оваа екипа се менуваат повеќе генерации, меѓутоа неговиот најстандарден состав бил: Д. Славев, Наќо Андреев, Ристо Ресавски, Ѓоро Голчев, Александар Штипски, Цандо Мицајков, Ристо Голчев, Д. Малинков, Тодор Грков-Шмелинг, Ѓ. Куката, Наќо Собаров, Николаќо Муло и други.

Во еден период за екипата на Фудбалскиот клуб „Занатлиски“ како добар спортист настапува и Димката Ангелов-Габерот. Овој Фудбалски клуб постои се до крајот на 1940 година, а за време на своето осумгодишно постоење има одиграно поголем број средби како со месните ривали исто така и со голем број екипи од Штип, Велес, Прилеп, Скопје, Неготино и екипи од останатите македонски градови. Клубот е дел од богатата фудбалска историја на Кавадарци во времето пред Втората светска војна.

## „ДВЕ ТАТКОВИНИ“ ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ НА ГОГО

Во вторникот на 21 мај во Галеријата при Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци беше отворена изложба на фотографии со наслов „Две татковини“ на авторот Гордан Ристовски-Гого. Ова е негова прва самостојна изложба во родниот град каде го помина детството и раната младост, пред животот да го однесе во Швајцарија, каде што живее со семејството. Со фотографија се занимава уште од млади години, осознавајќи ги тајните на добрата фотографија во кавадаречката „Народна техника“, за во последните десеттина години сериозно да се занимава со уметничка фотографија спојувајќи го возењето моторцикл и љубовта кон природата со фотографии кои сведочат за неговите патувања низ неговите две татковини Македонија и Швајцарија.

Неговите дела доаѓаат до поширокатa јавност со зачленувањето во „Јужнословенскиот културен форум“ во Цирих, Швајцарија во 2007 година и за неговото фотографско патешествие со моторциклот низ Македонија и Швајцарија дознава уметничката јавност во повеќе земји. Учествувал на пет групни изложби на уметничка фотографија во Цирих, како и на групни изложби во Нови Сад, Бачка Паланка, Крагуевац и Ужице во Србија. Досега има реализирано пет



самостојни изложби во Швајцарија и тоа две во Цирих (2011 и 2012), како и во Берн (2011), Штанс (2012) и последната во Базел (2013).

Првото претставување пред македонската публика во неговото родно Кавадарци е извонредна прилика за фино фотографско доживување со теми од Македонија и Швајцарија, заедно со авторот кој во деновите додека трае изложбата е присутен во неговиот роден крај. Во каталогот подготвен за изложбата со свој осврт кон делата на Гордан Ристовски-Гого се јавува познатиот ликовен и филмски критичар од Србија Дејан Ѓориќ.

**Марјан Тодоровски**

## 70 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОДРЕДОТ „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“

„Да си ја почитувате историјата на НОВ! Таа не е наша партизанска историја, тоа е историја на македонскиот народ. Таа историја не е моја или не знам на кој борец. Знаеме дека никој не живее од минатото, но знаеме и дека е убаво кога имаш корен. Тогаш направивме национална слобода. Ни еден народ нема само розова историја“, ова го порача генералот во пензија Тодор Атанасовски на јубилејното одбележување на 70 години од формирањето на Тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов“.

Овој значаен историски момент за македонската слобода се чествуваше на спомен-костурницата која е сместена во Градскиот парк во Кавадарци. Покрај членовите на Сојузот на борци од Кавадарци и нивните почитувачи, свежо свеќе на костурницата положија и претставници на Локалната самоуправа Кавадарци, членови на Советот на општината, претставници на Боречките сојузи од Неготино, Велес и Прилеп.

„Се лутам страшно многу зошто некој сака да ја избрише Народноослободителната војна. Тоа е наша војна. Тоа е војна на овој народ. Во неа се вградија животите на Страшо Пинџур, Димката Ангелов -Габерот, Чичето, Брко и уште 333 други партизани. Со неа раководеа мудриот Мито Хаџи Василев-Јасмин, Никола Минчев. Затоа младите посебно ги поздравувам и им порачувам да си ја земат историјата. Никој не успеал ја избрише историјата, затоа никој и нека не се обидува да брише историја. Овој одред на некој начин има некои посебни особини. Дејствуваше во стратешки важно подрачје. Се формираше под карпата Вишешница, а не случајно беше избрано името на славниот тиквешки војвода Добри Захариев Даскалов, како продолжение на новата генерација македонска младина која ги продолжи идеалите на славните илинденци. Во стројот се најдоа и прилепчани, велешани од одредот „Димитар Влахов“. За првпат во селото Бојанчиште се слушна Напред, македонска војско!“, нагласи во своето сеќавање македонскиот генерал во пензија Атанасов.



Рече дека бил лут што партизаните сега се обидуваат да ги политизираат иако тие учествувале во изградбата на државата и го дале својот придонес за денешната слобода.

На одбележувањето на јубилејот зборуваше и претседателот на Општинскиот сојуз на борците Кавадарци Атанас Златевски-Наце, член на одредот кој евоцираше спомени за формирањето на оваа значајна партизанска единица.

Во културно-забавниот дел настапија, хорот при Гимназијата „Добри Даскалов“, како и учениците кои се претставија со проза посветена на ликот и делото на војводата Даскалов. Со револуционерни песни настапи пејачката група од Здружението на пензионерите на Кавадарци.




**Успех на Младинската школа на ГФК Тиквеш**

## ОСТАВИЈА БЕЛЕГ НА ТУРНИРОТ ВО МАКАРСКА

Фудбалската слика на градот Кавадарци одамна е далеку од розова. Градскиот фудбалски клуб Тиквеш наместо во првата лига, заврши еден ранг подолу и од есен ќе се натпреварува во Третата фудбалска лига. Но покрај сите црни вести кои пролетва ни стигнуваат од Градскиот фудбалски клуб Тиквеш, деновиве сепак една убава вест која дава надеж дека фудбалот во Кавадарци има иднина. Станува збор за кадетите на Градскиот фудбалски клуб Тиквеш кои беа дел од силниот фудбалски турнир кој се играше во Макарска, Република Хрватска.



Иако многумина сметаа дека кавадаречките надежи ќе бидат лесен плен за славните Сплит и Хајдук, кои заедно со тимот на Јадран беа дел од групата „А" во која беа и нашите кадети, сепак избраниците на Стојанче Петровски станаа хит на турнирот, особено по нерешениот резултат со Хајдук Сплит и со тимот на Сплит. Малиот клуб од Кавадарци остана во центарот на вниманието на бројните медиуми кои го следеа турнирот и по мечот со Јадран, кој заврши со резултат 1:0 за ГФК Тиквеш. Сепак, и покрај идентичниот број на бодови со Сплит и Хајдук, поради полошата гол разлика, нашите фудбалери не обезбедија пласман во полуфиналниот дел од шампионатот.

За квалитетот на оваа генерација фудбалери говори и фактот што тимот на Хајдук, против кој нашите кадети одиграа реми без голови, ја победи македонската кадетска фудбалска репрезентација за подоцна и да го освојат турнирот. Тренерот Стојанче Петровски во краток разговор ни го пренесе позитивното искуство од турнирот во Макарска, не криејќи го задоволството од играта на своите избраници кои одлично го претставија кавадаречкиот и македонскиот фудбал. Петровски потенцираше дека со добрата игра неговите кадети го привлекле врз себе вниманието на многуте тренери кои го следеа или предводеа екипи на турнирот, но не заборави да посочи дека мора да се обезбеди поддршка за овие деца и со минимално инвестирање и вложување да се сопре распадот на успешните генерации, и од самата школа клубот да започне да гради тим за високи дострели.

**Димитар Мурџев**

## ФУДБАЛОТ ВО ТРЕТА ЛИГА

Она што се очекуваше, стана и реалност. Градскиот фудбалски клуб Тиквеш по поразот на домашен терен од Новаци со 0:3 и официјално ги загуби и теоретските шанси за опстанок во Втората фудбалска лига и од септември ќе настапува во третата лига.



И на овој натпревар играчите на Тиквеш имаа сили да му се спротивстават на противникот само во првите 45 минути, по кои беа во негатива од 0:1. Дополнителни компликации во продолжението беа двата црвени картони и повредите на дури тројца играчи, па Тиквеш го заврши мечот со само 6 играчи. Сепак и покрај големата предност, до крајот на мечот гостите од Новаци ја затресоа мрежата само уште два пати, за конечни Тиквеш - Новаци 0:3.

**кавадар4е**

## ФУТ САЛ ТИМОТ НА ЦРНА РЕКА ОД КАВАДАРЦИ НЕ ЈА ОДБРАНИ ТИТУЛАТА ВО КУПОТ

Тимот на Црна Река нема да има можност да ја брани титулата откако беше поразен од Железарец со резултат 9:3 иако се уште е актуелниот македонски Куп владетел. Чудната одлука на Фудбалската федерација на Македонија единствениот елиминационен полуфинален натпревар да се игра на домашен терен на една од екипите, во случајот по извршената ждрепка на теренот на Железарец им донесе предност на скопјани, кои притисоците ги започнаа уште пред почетокот на натпреварот, не дозволувајќи им на кавадаречките играчи да влезат во малата училишна сала и навреме да започнат со подготвки за мечот.

Притисоците дадоа резултати. Нервозниот почеток придонесе играчите на Црна Река кои уште од првата секунда започнаа со офанзивен голман да направат две грешки во додавањата, кои играчите на Железарец ги казнија и со два гола од 20-тина метри си обезбедија солидна почетна предност. Веќе во наредниот напад Станоев ја круниса со гол одличната акција во која учествуваше буквално целиот тим на Црна Река, но по неколкуте неискористени шанси за изедначување, повторно 2 гола во серија на домаќините од кои уште еден од противничката половина за водство од 4:1.



Конечниот резултат по првите 20 минути го постави Миле Димов кој со одличен шут од 12 метри го совлада домашниот голман, најавувајќи неизвесно второ полувреме.

Но, за да не биде така се погрижија судиите. Уште на самиот старт досудија непостоечки гол за домаќините, веднаш потоа не досудија очигледно играње со рака во шесте метри на тимот на Железерец, а работата ја завршија со несанкционирање на прекршок врз Миле Димов, што овозможи контра и нов гол за лидерот во македонското првенство. По овој потег, капитенот Мицев кој во меѓувреме постигна погодок за својот тим влезе во костец со судиите, за што заработи црвен картон, но и напад од публиката, што само говори за условите во кои се играше натпреварот. По овој момент се беше само чиста формалност, но иако Мехмединовиќ, Манасков, Ангелковски и Вареловски имаа многу можности за намалување на високата разлика на тимот на Железарец, сепак мечот заврши со резултат 9:3. По овој натпревар, на тимот на Црна Река му преостанува уште еден првенствен натпревар, и тоа против тимот на Бицо, со што и официјално ќе заврши сезоната 2012/2013.

**кавадар4е**

## ЈОВАНОВА НА ЧЕКОР ДО ТРОНОТ ВО ПИНГ-ПОНГ

По 8 одиграни кола пингпонгарите на Градба Промет и понатаму се најдобри во пионерска конкуренција во Македонија. Доминацијата на кавадаречките пингпонгари ја потврди Марија Јованова, која по првиот турнир на топ 8-те пионерки во пинг-понг на Македонија се најде на првото место во генералниот пласман.

Јованова која е стандардна првотимка на Градба Промет води со 19 бодови пред Анета Станковска со 18,5 бодови. Во продолжение од сезоната преостанува за играње уште еден топ 8 натпревар, утре ќе се одржи во Крива Паланка.

Инаку на топ 8 натпреварот учествуваа 8-те најдобри пионерки во Македонија: Марија Јованова, Ивана Ефремова, Ангела Станковска, Елена Јокиќ, Анета Станковска, Деспина Станковска, Ива Димитриевска и Јована Тасевска.

**Марјан Димитров**

### Различни врски

На испит се јавуваат тројца студенти - едниот - со многу врски, другиот - со помалку, третиот - без врски.

Комисијата го прашува првиот:

- Во 1945 година над Хирошима и Нагасаки е фрлена атомска...

- Бомба!

Влегува вториот. Го прашуваат:

- Во 1945 година над Хирошима и Нагасаки е...

- Фрлена атомска бомба.

Влегува третиот:

- Кажете - кога, каде и што е фрлено?

**Илија Пемов**

### АФОПЕРИЗМИ

Кога влегуваш во туѓа програма погледај каде е вратата.

**Петар Наневски**

Кав'даречки ВЕСНИК

Општинско јавно гласило

Издавач: Локална самоуправа Кавадарци

Уредник: Димитар Мурџев

Лектор-коректор: Роза Петкова

Печати: Печатница „Даскал Камче" Кавадарци

Бесплатен примерок